# КОН 45-ГОДИНЕШНИОТ ЈУБИЛЕЈ
# НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Оваа година Стоматолошкиот факултет во Скопје го обележува својот 45-годишен јубилеј, период исполнет со постојан развој, динамика и подем кон создавање поадекватни услови за студирање, кон усовршување на видовите и формите на наставно-образовниот, научниот и апликативниот процес, а сето тоа со една основна цел, профилирање на солиден високостручен кадар. Токму поради тоа, 45-годишниот макотрпен, бурен и динамичен развој на наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност, заслужува особена почит и респект.

Навистина е тешко да се искаже и да му се се објасни на подмладокот кој доаѓа, како и на оние кои не учествувале во тој процес на создавање и градење, кој е тој ентузијазам на луѓето и нивната пожртвуваност во изминатиов 45-годишен период кои учествуваа во физиономирањето на Стоматолошкиот факултет, чии монументални вредности се од особен општествен интерес. Оттука императивно се наметнува благодарноста и должната почит, респект и незаборавност кон луѓето кои своето знаење, умеење, способност и работа ги вградија во втемелувањето и физиономирањето на Стоматолошкиот факултет, а ние како нивни ученици и следбеници должни сме, а и обврзани кон нив, кон генерациите што доаѓаат, а и кон општествената заедница, да продолжиме да ја следиме динамиката на развој, имплементирајќи ги сите современи трендови на полето на стоматологијата во светот и создавање на солиден млад кадар на ентузијасти, способни луѓе кои ја сакаат струката и науката и кои се вградуваат во неа, без оглед на нивната социјална положба или етничка, верска или друга припадност.

Негувајќи ги капиталните вредности постигнати во својот 45- годишен ôд во создавање знаење и негово преточување во идните генерации, а истовремено соочени со современите транзициони трендови во високото образование според Болоњската декларација, која Република Македонија ја потпиша на 19 септември 2003 година и стана рамноправен член на европското семејство на земји кои се обврзуваат да ги следат и реализираат препораките од Болоњсккиот процес и заедничката определба за креирање на единствен европски простор на високото образование, како дел од цивилното општество во кое на критичен и креативен начин се стекнува, чува и пренесува знаењето, се развива научната мисла и културните вредности, Стоматолошкиот факултет во Скопје ги прифати тие препораки и пристапи кон постепено применување на истите. Обемноста на задачите кои произлегуваат од таквата квалитативна реформа, подразбира адаптирање на европските стандарди во сферата на образованието: зголемена ефикасност на студирање; мобилност на студентите и академскиот кадар; подоб–

рен квалитет на образовниот систем; активно учество на студентите во обезбедувањето на квалитет; конкурентност и компатибилност; објективност при оценувањето и др. Обемноста на задачите што произлегуваат од таквата квалитетна реформа, подразбира, исто така, адаптирање на европските стандарди во сферата на образованитео и науката, значително зголемување на бројот на наставниот и научниот подмладок на факултетот, обезбедување на додатни материјалани средства, обновување на целокупната инфраструктура и обезбедување на доволен временски простор за имплементација на целиот реформиран наставно–образовен и научен процес.

Добра основа за реформата на основните дејности на Стоматолошкиот факултет се веќе започнатите процеси на примена на Болоњската декларација и воведување на европскиот КТС на студирање, односно извршена е измена на студиските програми со цел да се постигне хармонизација и усогласување на структурата на степените на образованието–додипломски, постдипломски и докторски студии, реализирана е внатрешна и надворешна евалуација на факултетот. Во тој контекст, следејќи ги препораките на Болоњската декларација и почитувајќи го Законот за високо образование, Стоматолошкиот факултет во периодот меѓу двата јубилеја, отвори и две високи стручни школи, школа за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри.

Пред оваа институција претстојат нови и одговорни задачи за комплетно спроведување на Стратегијата за реформа со конкретен акционен план за имплементација во пракса на новиот реформиран наставно–образовен, научно–истражувачки процес, законодавни, кадровски, финансиски и други потези за остварување на краткорочните, среднорочните и долгорочните цели.

Уверени сме дека 50–годишниот јубилеј од постоењето на Стоматолошкиот факултет ќе го дочекаме со комплетна имплементација на реформираниот високо–образовен систем, наставно–научниот и апликативниот процес, реализирани сите стратешки документи, обезбеден вистински и реален систем на финансирање, како и со обезбеден вистински потребниот квалитетен наставно–научен подмладок. Со хармонизација и усогласување на степените на образование–додипломски, постдипломски (специјалистички и магистерски) и докторски студии, отстранување на бариерите за мобилност на наставно–научниот кадар и студентите во земјите членки на Европската унија, развивањето на научно – истражувачката дејност ќе овозможи Стоматолошкиот факултет како членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ да стане Европски слободен и отворен факултет.

**Проф. д-р Марија Накова,**
**декан на Стоматолошкиот факултет,**
**Скопје**